# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## АВГУСТ 2024 г.





**Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го честита големиот македонски празник Илинден**

Со посебен пиетет се навраќаме кон херојството на востаниците што ја создадоа Крушевската Република и на втемелувачите на слободната македонска држава од Првото заседание на АСНОМ.

Славејќи го Илинден – најголемиот македонски празник, годинава одбележуваме 121 година од славното Илинденско востание и 80 години од Првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија.

Возвишените илинденски чувства ги чуваат вековните стремежи на Македонија за слободен народ во своја држава и идеалите на илинденците за воспоставување поправедно општество.

Илинден нека остане наша водилка кон просперитетна, успешна и напредна Македонија.
Нека ни е честит Денот на Републиката и нека ни е вечна Македонија!



**По повод Илинден – свежо цвеќе и почит кон жртвите за слободна Македонија**

По повод Денот на Републиката – Илинден, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов со членови од Советот на Општината, делегации од Сојузот на Здружението на борците од НОВ и локални ограноци на политички партии положија свежо цвеќе на Споменикот на слободата, споменикот на Никола Карев и на бистите на Љупчо Сантов и Раде Кратовче во Паркот на Револуцијата.

– Се поклонуваме пред жртвите за слободна Македонија

| | |
|---|---|
| <br> | одбележувајќи 121 година од Крушевската Република и 80 години од Првото заседание на АСНОМ. Славејќи го Илинден – најголемиот македонски празник, ги славиме идеалите на илинденците за воспоставување поправедно општество и асномските темели на слободната македонска држава.<br><br>Возвишените илинденски чувства ги чуваат вековните стремежи на Македонија за слободен народ во своја, слободна држава.<br><br>Илинден нека остане наша водилка кон слободна, просперитетна, успешна и напредна Македонија. Нека ни е честит Илинден – Денот на Републиката и нека ни е вечна Македонија – истакна во празничната честитка градоначалникот Папазов. |
| <br> | **Првенците на генерацијата од кочанските училишта летуваа на хрватскиот остров Паг**<br><br>Првенците на генерацијата од кочанските основни училишта седум дена летуваа на хрватскиот остров Паг. Ова е награда за постигнатите успеси во школувањето, а летувањето на Паг е обезбедено од Општина Кочани и претставува резултат на повеќегодишната соработка со збратимената Општина Крижевци.<br><br>Според информациите на Аника Илијевска Георгиева, придружба на учениците од Општина Кочани, патувањето и престојот во Хрватска поминале во најдобар ред. Сите биле сместени во детско одморалиште, сопственост на Општина Крижевци, коешто има централна позиција на Паг, место од каде можат да се видат сите убавини на островот и на хрватското приморје.<br><br>Учениците имале можност да се дружат и со врсници од Крижевци сместени во одморалиштето, со кои имале заедничкото крстарење со брод по Јадранот, а учествувале и на избор на талент каде што нашите ученици освоиле второ место. Групата ученици ја придружуваше и Милева Богданова од ОУ „Крсте Петков Мисирков“ од Оризари.<br><br>За учениците ова е награда што им создала пријатни и незаборавни доживувања.<br><br>Општинската награда за летување на Паг, од лични причини не ја искористија првенците од двете средни кочански училишта. |
| | **Гори шума во Пресека – пожарникарите интервенираат** |

<table>
<tr>
<td><br></td>
<td>Пожарникарите интервенираат на голем пожар кај кочанското село Пресека.<br><br>Територијалните противпожарни единици на Кочани и Македонска Каменица, службите од Шумското стопанство „Осогово“ и доброволците од ДПД – Кочани повеќе од 15 часа се на тежок, непристапен терен на Осоговските Планини. Обид за локализирање на пожарот имало и од воздух, со хеликоптери од ЦУК.<br><br>Во Пресека гори високостеблеста борова, дабова шума и ниска вегетација, а пожарникарите јавуваат дека пламените јазици достигнуваат и до 20 м.<br><br>Од пожарот е загрозена и викендичка во која престојуваат луѓе.<br><br>Борбата со огнот на Пресека продолжува.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Општина Кочани отуѓува шест парцели државно градежно земјиште<br><br>Општина Кочани ја распиша 39. објава за отуѓување градежно земјиште во државна сопственост, со која се ставени на продажба шест градежни парцели, од кои четири се со намена индивидуално домување и две со намена за домување на објекти во станбени куќи А1 и Б1 – мали комерцијални деловни намени.<br><br>Три од парцелите за индивидуално домување се наоѓаат на улицата „Пиринска“, а една е на улицата „Крум Вранински“. Површините на парцелите се движат од 260 $м^2$ до 481 $м^2$.<br><br>Двете парцели со намена за домување на објекти во станбени куќи А1 и Б1 – мали комерцијални деловни намени се наоѓаат на улиците „Митко Тодоров“ и „Февруарски поход“ и се со површини 320 $м^2$ и 361 $м^2$.<br><br>Рокот за пријавување за учество во електронското јавно наддавање е до 10 септември 2024 г., а јавното наддавање ќе се одржи на 12 септември, со почеток од 8 ч.<br>Почетната цена за сите градежни парцели е 61 денар за метар квадратен.<br><br>Целосната објава за продажба на градежно земјиште во државна сопственост е поставена на огласната табла во дворот на општинската зграда и е објавена на веб-страницата на Општина Кочани, www.kocani.gov.mk.</td>
</tr>
</table>





**Петта година по ред Општина Кочани е во институциите со ’многу добра‘ транспарентност**

Активната транспарентност на Општина Кочани во 2024 година изнесува високи 94,3 %. Од 98 рангирани институции, општини, министерства и Влада, Општина Кочани се наоѓа на 17-тата позиција.

Според Индексот на активна транспарентност за 2024 година на Центарот за граѓански комуникации, Општина Кочани петта година по ред е во најдобрата група институции според активната транспарентност, кои ги исполнуваат обврските од 80 до 100 %.

Источниот Регион, каде што припаѓа Општина Кочани, со 88 % остана на челното место меѓу осумте плански региони, каде што беше претходните четири години.

Оценувањето на активната транспарентност се врши врз основа на податоците што институциите ги имаат објавено на своите веб-страници, врз основа на законските обврски што ги имаат за објавување информации од сфери кои се од важност за граѓаните и кои влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла, се земаат предвид обврските што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и обврските од други закони што се однесуваат на трошењето јавни пари.



**Изведувачот за затворање на кочанската депонија од понеделник влегува со механизација**

Од понеделник, 19 август, фирмата изведувач задолжена за затворање на депониите од проектот Регионален систем за управување со отпад во Источниот Плански Регион ќе ги започне првичните активности за затворање на депонијата во Кочани.

Ова е договорено на состанокот на градоначалникот Љупчо Папазов со заменик-министерката за животна средина Ане Лашкоска, претставниците задолжени за реализација на проектот од Министерството за животна средина и Министерството за финансии и избраните изведувачи за затворање на непрописните депонии, што се одржа во Министерството за финансии.

На состанокот му претходи интензивна комуникација, која беше проследена и со официјални дописи од Општина Кочани со барање од органите на централната власт техничка и финансиска поддршка во решавањето на состојбата со кочанската депонија.

Општина Кочани се соочи со неповолна состојба и

| | |
|---|---|
| | несакани ефекти од депонијата откако беа затворени депониите во Виница, Зрновци и во Чешиново-Облешево, поради што за 50 % се зголемија количините на отпад на ѓубриштето во Кочани.<br><br>На честите опожарувања на депонијата изминатиов период реагираа КЈП „Водовод“, ТППЕ и ДПД – Кочани кои интервенираа со механизација и формирање заштитен појас за спречување на ширењето на пожарот од ѓубриштето кон соседните површини.<br><br>Во КЈП „Водовод“ – Кочани тече постапката за набавка на алги за еколошки третман на отпадот. |
|  | **Почина Тодор Пашоски, поранешен градоначалник на Општина Кочани**<br><br>Во 74-тата година од животот, почина Тодор Пашоски, градоначалник на Општина Кочани во периодот 2003/2004 година.<br><br>Беше претседавач на Советот на Општина Кочани од 2000 – 2003 година.<br><br>Тодор Пашоски беше доктор по стоматологија, специјалист по протетика со долгогодишно искуство во својата професија.<br><br>По повод смртта на Пашоски, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упатува сочувство до семејството на починатиот. |

| | |
|---|---|
| <br> | **Четврти ден гори шума – во гасењето на пожарот меѓу Пресека и Цера се вклучи и месното население**<br><br>Пожарникарите од Кочани и Македонска Каменица сѐ уште интервенираат на големиот пожар меѓу селата Пресека и Цера, кој е локализиран, но сѐ уште е активен.<br><br>Територијалните противпожарни единици на Кочани и Македонска Каменица, Национални шуми и двете доброволни противпожарни друштва „Кочани“ и „Саси“, веќе четврти ден се борат со огнот на Осоговските Планини. Во гасењето на пожарот се вклучиле и осумдесетина жители од Пресека и Цера.<br><br>На увид на состојбата беа и градоначалниците Љупчо Папазов и Димчо Атанасовски.<br><br>Според пожарникарите од ТППЕ Кочани, првично двата одделни пожара во Пресека и во Цера се споиле во еден. Огнената стихија досега уништила над 150 хектари висококвалитетна борова и дабова шума.<br><br>Противпожарните екипи остануваат на терен со континуирани дежурства. |
| <br> | **Се создаваат услови за пристап на механизацијата за затворање на депонијата во Кочани**<br><br>Механизација на КЈП „Водовод“ и на градежната фирма „Калина“, ангажирана од Општина Кочани, континуирано работи на создавање услови за почетните активности за затворање на депонијата во Кочани. Се оформува пристап за машините на изведувачот задолжен за затворање на депониите од проектот Регионален систем за управување со отпад во Источниот Плански Регион, кој треба да почне со работа в понеделник, 19 август. Едновремено се создава простор и за секојдневниот прилив на нов отпад што се исфрла на Градската депонија во Кочани.<br><br>Процесот на затворање на ѓубриштето во Кочани, како локација којашто го прибира отпадот и од трите соседни општини Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево, ќе се одвива во неколку фази.<br><br>Според информациите од неодамнешниот состанок на градоначалникот Љупчо Папазов со заменик-министерката за животна средина Ане Лашкоска, претставниците задолжени за реализација на проектот од Министерството за животна средина и Министерството за финансии и избраните изведувачи за затворање на непрописните депонии, наскоро се очекува да биде распишан јавен повик за избор на изведувач на Регионалната депонија кај светиниколското село Мечкуевци. На оваа депонија ќе се |

| | |
|---|---|
| | преработува селектиран отпад од 18 општини, кој ќе се претвора во компост. |
| <br> | **Се одржа 44. Богородичен младински фудбалски турнир – победи екипата на Долни Подлог**<br><br>По повод верскиот празник Успение на Пресвета Богородица, се одржа традиционалниот 44. Богородичен младински фудбалски турнир на фудбалското игралиште во Долни Подлог, во кој учествуваа вкупно 13 фудбалски екипи.<br><br>Финалето се одржа меѓу фудбалските екипи на Долни Подлог и Грдовци, каде победничкиот пехар го понесе фудбалската екипа на Долни Подлог.<br><br>Второто место ѝ припадна на екипата на Грдовци, а третото место на екипата на ГФК Осогово. Наградите беа во пехари и парични награди, односно за прво место 30.000 денари, 20.000 денари за второ и 10.000 денари за третото место.<br><br>Освен прогласените најдобри три екипи, беа прогласени и најдобар фудбалер и најдобар стрелец. |
| <br> | **Владимир Грчев освои бронзен меда на 8. Европска олимпијада по информатика за јуниори во Молдавија**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов оствари прием на деветоодделенецот Владимир Грчев од Кочани, којшто на 8. Европска олимпијада по информатика за јуниори во Молдавија освои бронзен медал во конкуренција со 104 натпреварувачи од 28 земји.<br><br>Владимир исто така освои бронзен медал и на Балканската јуниорска олимпијада по информатика во конкуренција на 14 балкански земји.<br><br>Градоначалникот му ги честита успесите на Владимир, му посака уште многу високи достигнувања како претставник на нашата општина и држава. |
|  | **Поправка на клупи на повеќе локации во градот**<br><br>Деновиве Општина Кочани изврши реконструкција на дотраени и оштетени клупи на повеќе локации во градот: кај Летната сцена на Центарот за култура, покрај кејот на Кочанска Река, на улицата „Лазар Андонов“ и кај Стришанска чешма.<br><br>Ваквите работни активности ќе продолжат и во периодот |

| | |
|---|---|
| | што следува. |
|  | **Се бележи хоризонталната сигнализација на сообраќајниците во Кочани**<br><br>Општина Кочани со поддршка на МВР ПС Кочани ПО за БПС Кочани реализира бележење на хоризонталната сигнализација.<br><br>Се бележат сообраќајните површини на кои постои потреба за дефинирање, поделба или канализирање на просторот за да се зголеми и да се унапреди безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Кочани, во интерес на граѓаните задолжено да се почитуваат сообраќајните прописи, правила и сигнализација. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**